# Општина Кочани

**Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија**
*Тел. +389(0)33/274-001 • Факс . +389(0)33/273-542*
**www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk**


До

Комисијата за Избор на спортист на Кочани
и раководителката на Одделението за јавни дејности
во Општина Кочани

## П Р Е П О Р А К А

Согласно членот 7, став 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ" бр. 06/12, 30/13, 166/14 и 150/15), иницираме охрабрувачка мерка во областа на спортот, во доделувањето на наградите при изборот на спортист на Кочани.

Препорачуваме Комисијата за Избор на спортист на Кочани со административните службеници во Општина Кочани вклучени во организацијата и реализацијата на овој настан да воведат награда за категоријата жени/девојки кои постигнале спортски резултати.

Препораката произлегува од родовата анализа основана на статистичките податоци за добитниците на наградите во рамките на оваа манифестација. Имено, во периодот од 2006 до 2018 година, само една девојка го понела највисокото признание *спортист на годината*.

Со цел да ги охрабриме лицата од помалку застапениот пол, во овој случај тоа се жените, да спортуваат и да стремат кон повисоки резулати, препорачуваме Комисијата да воведе награда за спортски резултати во категоријата жени.

Прилог: *Список на спортисти на Кочани, избрани на манифестацијата Избор на спортист на Кочани во периодот од 2006 до 2018 година*

30.1.2020 г.
Кочани

Координаторка за еднакви можности
на жените и мажите во Општина Кочани,

Љубинка Ајтовска

Изработила: Љ. Ајтовска
Контролирал: В. Бојков
Одобрила: А. Кралева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 08-139/11
30-01 20 20 год.
КОЧАНИ



**ЗАПИСНИК**
**од одржаниот состанок за манифестацијата**
**„Избор на спортист за 2019“**

11 часот, 30.01.2020 година, мала сала – Општина Кочани

Присутни: ТВ Кочани – Лазо Димитров, Редакција на Канал 8 – Тони Ајтовски, интернет-портал Комарец – Славчо Ивановски, Радио Кочани – Илија Стефановски. Од Општина Кочани присутни, без право на глас во изборот беа: Голубинка Георгиева, Аспарух Михаилов и Љубинка Ајтовска.

Општа констатација: Општина Кочани ги прогласува најдобрите во спортот за 2019 година. Изборот го прават новинарите од Кочани, а организатор на манифестацијата е Општина Кочани.

Годинава се избраа следните категории:

Посебен придонес во спортот
Спортски работник
Најдобар тренер
Спортска екипа
Млади надежни спортисти и
Спортист на годината.

- Во категоријата за **посебен придонес во спортот** единствено номиниран и избран е **Градскиот фудбалски клуб „Осогово“**
- Во категоријата најдобар **спортски работник** е избран **Драганчо Димитров, претседател на Судискиот актив при ОФС „Кочани“.**

- Во категоријата **најдобар тренер се номинирани:**

1. Радмила Станчева – тренер на КГС „Кочани“
2. Оливер Коцев – тренер на КК„Партизан“
3. Драган Шеќеровски – Џудо клуб „Гладијатор 2016“
4. Александар Андов – КК „Баскет Дино“
5. Игорчо Каров – КК „Кочани“

Комисијата одлучи наградата за **најдобар тренер** да му припадне на **Оливер Коцев од Карате клубот „Партизан“.**

- Во категоријата најдобра **спортска екипа**, предложени се:

1. Клуб за гимнастички спортови – Кочани
2. КК „Партизан“ – Кочани
3. Џудо клуб „Гладијатор 2016“ – Кочани

Наградата повторно му припадна на **Карате клубот „Партизан“**

- Во категоријата **млади надежни спортисти**, се предложени 14 кандидати и тоа:

**КК „Баскет Дино“**

1. Дино Лазарев
2. Младен Василов
3. Никола Романов

**Џудо клуб „Гладијатор 2016“**

4. Стефанија Павлова
5. Андреа Минова

**КГС „Кочани“**

6. Антонио Јаношевиќ
7. Лука Цветков
8. Иларија Цветкова

**ФК „Фудбал старс“**

9. Николче Ефремов

**КК „Кочани“**

10. Наталија Карова

**КК „Партизан“**

11. Филип Стојанов
12. Благоја Тасевски

**БК „Спартак“**

13. Марија Христова
14. Бојана Арсова

Комисијата гласаше и од овие 14 предложени кандидати одбра 10 млади надежни спортисти, кои ги рангираше вака:

1. **Филип Стојанов – КК„Партизан**
2. **Дино Лазаров – КК„Баскет Дино“**
3. **Наталија Карова – КК„Кочани“**
4. **Стефанија Павлова – ЏК „Гладијатор 2016“**
5. **Иларија Цветкова – КГС “Кочани“**
6. **Лука Цветков – КГС “Кочани“**
7. **Антонио Јаношевиќ – КГС “Кочани“**
8. **Благоја Тасевски – КК „Партизан**
9. **Младен Василев – КК„Баскет Дино“**
10. **Николче Ефремов – ФК „Фудбал Старс“**

- Во категоријата **<u>спортист на годината</u>** се пристигнати 8 предлози:

**Предлози за спортист на годината :**

**КК „Партизан“**

1. Роберто Здравковски
2. Горги Петров
3. Мартина Шахинова

**КГС „Кочани“**

4. Стојан Анастасов
5. Ристе Симеонов

**Карате клуб „Кочани“**

6. Наталија Карова
7. Илија Охомуш

**Џудо клуб „Гладијатор 2016“**

8. Дамјан Крстов

Комисијата гласаше и ги рангираше по следниот редослед:

1. (прво место - спортист на годината) **Мартина Шахинова“ – КК „Партизан“**
2. **Горги Петров – КК„Партизан“**
3. **Стојан Анастасов – КГС „Кочани“**
4. **Ристе Симеонов“ – КГС „Кочани“**
5. **Дамјан Крстов – ЏК„Гладијатор 2016“**
6. **Роберто Здравковски – КК„Партизан“**
7. **Илија Охомуш – КК „Кочани“**

Наталија Карова не беше бодувана затоа што беше избрана во конкуренција за млад надежен спортист.

До Комисијата за Избор на спортист на Кочани беше доставена **Препорака за проширување на листата на награди во Изборот на спортист на Кочани,** доставена од координаторката за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кочани и истата беше **едногласно прифатена**. Според тоа, од наредната година во Изборот на спортист на Кочани, ќе биде вклучена и наградата за постигнати спортски резултати во категоријата жени. Препораката произлегува од родовата анализа основана на статистичките податоци за вклученоста и за добитниците на наградите во рамките на манифестацијата Избор на спортист на Кочани, а целта е да се охрабрат лицата од помалку застапениот пол, во овој случај жените, да спортуваат и да стремат кон повисоки резулати.

Состанокот заврши во 13 часот.

Записникот го изработи: Голубинка Георгиева